# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЗАМП

## 2016 ГОДИНА



**Содржина**

Активности поврзани со издавањето на решение за давање дозвола за колективно управување на авторски музички права од Министерството за култура на СОКОМ МАП ____ 1

Распределба на наплата –финансов сектор ____ 4

Сектор за перцепција ____ 10

Сектор за репартиција ____ 12

Сектор за документација и меѓународна соработка ____ 14



# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на ЗАМП во 2016 година

**Почитувани,**

Во извештајот за работата на Здружението за заштита на авторски музички права-ЗАМП опфатени се сите активности кои се случуваа во календарската 2016 година :

### 1.Активности поврзани со издавањето на решение за давање дозвола за колективно управување на авторски музички права од Министерството за култура на СОКОМ МАП

Министерството за култура на Република Македонија покрај решението за давање дозвола за колективно управување кое го има издадено на ЗАМП, на 23.02.2016 година издаде Решение за давање дозвола за колективно управување за истите права и на СОКОМ-МАП. Решението беше објавено на 19.04.2016 година во Сл.весник на РМ бр.79/16.

Согласно чл.149 став (3) од Законот за авторското право и сродните права во понатамошен текст ЗАПСП (Сл.весник на РМ бр.115/10,140/10,51/11,147/13,154/15 и 27/16) во предвидениот рок од 60 дена кога две или повеќе колективни организации за ист вид на права имаат добиено Дозволи за колективно управување, должни се во рок од 60дена од денот на издавањето на последната Дозвола за колективно управување да склучат меѓусебен Договор. Со тој меѓусебен Договор потребно е да се регулира начинот на кој „заеднички„ ќе се врши колективно управување со правата. Во правото кога се зборува за начин на кој "заеднички " ќе се врши нешто значи дека дека " сите права " потребно е да бидат управувани од двете страни. Предлогот кој што СОКОМ МАП го достави беше да управувањето биде или поделено према категории, или пак како втор предлог – едната организација да врши прибирање на надоместоци, а другата да врши нивна распределба. Бидејќи ваквите два предлога беа спротивни на ЗАПСП од погоре наведените причини, за ЗАМП беа неприфатливи.

ЗАМП како сериозна колективна организација која постои од 1947 година увидувајќи дека СОКОМ МАП не пристапува со вистинска намера за договарање, уште пред добивањето на нивниот предлог изготви предлог Договори кои им ги достави. Во овие предлог Договори кои за нас од необјасниви причини беа отфрлени од страна на СОКОМ МАП се регулираше заедничкото управување со правата. Притоа за цело време го имавме во предвид согледувањето дека во ЗАМП како колективна организација членуваат 1559 автори од Република Македонија и се штитат по сила на Закон 5944 автори. Истовремено ЗАМП има потпишано 53 билатерални договори за реципроцитет по основ на мали права и 16 договори за механички права и сме редовен член на CISAC и BIEM. Новата колективна организација која имаше дозвола нешто повеќе од 6о дена, ниту тогаш, ниту пак денес иако имаат законска обврска за јавност во работата согласно член 158 од ЗАПСП на нивната интернет страна не ги истакнаа членовите на здружението. До денес остана непознат бројот на членови кои ги имаат , никогаш не дадоа одговор за членството кое го преставуваат и чии права ги штитат, немаат потпишано меѓународни договори и не се член на CISAC. Важно и од аспект на ЗАПСП, што СОКОМ МАП немаше донесено Правилник со Тарифа за наплата на авторските надоместоци и правилник за распределба на авторските надоместоци. Токму недонесувањето на овие акти и покрај останатите причини предвидени со ЗАПСП , а кои се однесуваа на заедничко колективно управување, беа причина за неприфатливоста на нивните

предлози. Бидејќи  во определениот рок, двете колективни организации не постигнаа Договор, ЗАМП го извести со комплетната документација  Министерството за култура, Комисијата за посредување во областа на авторското право и сродните права и Министерството за информатичко општество.

На 27.06.2016година на штотуку отворената интернет страна на СОКОМ МАП беше објавен Јавен повик по предлог Правилник со тарифа. Со направите споредби  со Предлог Тарифата на ЗАМП објавен на нашата интернет страна се дојдете до сознание дека предложените надоместоци од страната на СОКОМ МАП се за 50-100% помали од предложените на ЗАМП.

Воопшто не беше јасно дали СОКОМ МАП имало направено анализа врз основа на која ги даваат предлозите за намалување на надоместоците, дали ги прибавиле правилниците со тарифа од соседството и регионот како и пошироко со што може компаративно да се утврди дека и моменталната Тарифа на ЗАМП (Сл.весник на РМ бр.154/15) со висината на надоместоците заостанува зад другите тарифи во регионот**.**

Со предложениот  Предлог Правилник со Тарифа на СОКОМ МАП надоместокот за користење да се определува во зависност од траењето на емитувањето од 2-3 денари од минута , повторно ги враќа на мала врата висините на надоместоците кои повеќе години ги бараат радиодифузните организации на државно ниво, а тоа е да плаќаат надоместоци на годишно ниво не поголеми од 3000-4000 евра.

За настанатата ситуација со соодветна документација беа известени  сродните авторски организации од регионот (СОКОЈ-Србија, ХДС-ЗАМП- Хрватска, ПАМ-Црна Гора, АМУС-Босна и Херцеговина, САЗАС-Словенија, RICOM Publishing  и ICMP), кои испратија свои реакции до належните државни органи.Нивните барања беа единствени а во насока да не се даде согласност на предлог Тарифата на СОКОМ МАП, бидејќи со неа се отвара можност авторските дела уште повеќе да бидат девалвирани доколку биде прифатена од страна на надлежните органи.

Како поддршка во настојувањето на ЗАМП да опстои во одбраната на авторските надоместоци утврдени во Тарифата како и по однос на лиценцата за работа своја подршка со обраќања до Премиерот на владата на РМ  г-дин Емил Димитриев, Министерката за култура г-ѓа Елизабета  Канчевска Милевска  даде и  **CISAC** , кој ја искажа својата загриженост за настанатата ситуација и  апелираше  **под  итно** овластените лица во надлежните државни органи да го вратат едношалтерскиот систем-услуги од едно место **one stop shop**   и враќање на европските стандарди во однос на заштитата на правата. **CISAC** воедно побара од надлежните државни органи поголема подршка на ЗАМП, вклучувајќи и посилни мерки против кршењето на авторските права во полза на македонските автори.

Бидејќи  надлежните државни органи повторно се оглушија на  барањата на ЗАМП , како и на обраќањата од странските организации на 17.09.2016година на   седницата  на сите автори членови на ЗАМП,  македонските автори едногласно со акламација  донесоа  Одлука за забрана  на радиодифузно емитување на авторски музички дела по пат на радиодифузно емитување од репертоасрот на ЗАМП. Одлуката   стапи на сила од 20.09.2016 година и за истата беа  известени надлежните државни органи како и сите радиодифузни организации во РМ.

Како знак на подршка кон ЗАМП со забраната на  нивниот  репертоар се приклучија и колективните организации од регионот СОКОЈ-Србија, ХДС-ЗАМП- Хрватска, ПАМ-Црна Гора, АМУС-Босна и Херцеговина, САЗАС-Словенија а се со цел да не се оствари најлошото сценарио

да се даде согласност на Тарифата на СОКОМ МАП, а да се одземе дозволата за колективно управување на ЗАМП кое ќе биде на штета на сите автори.

Министерството за култура им остана должно и не им одговори на авторите од ЗАМП за многу суштвествени прашања :

-Зашто не определи организација која ќе се смета за овластена за прибирање надоместоци за користење на авторски дела ;

-Зашто не даде мислење во врска со непостоењето согласност меѓу ЗАМП и СОКОМ МАП за одржување на системот за електронска евиденција, купен со пари на авторите во ЗАМП ;

-Зошто не изготви правилник во кој ќе го опфаќа описот и техничките карактеристики на системот за електронска евиденција **;**

-Зошто не донесе решение за одземање на дозволата за колективно управување на организацијата СОКОМ МАП, бидејќи во определениот рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на решението за давање дозвола не објави правилник со тарифа за наплата на авторските надоместоци ;

-Зошто не донесе решение за одземање на дозволата за колективно управување на организацијата СОКОМ МАП, бидејќи во определениот рок од 8 месеци од денот на влегувањето во сила на решението за давање дозвола не обезбеди и не инсталира систем за електронско евидентирање на емитувани авторски дела.

Министерството за култура беше должно тоа да го направи во определените законски рокови согласно членовите 135-б, 135-д , 149 ст.5 и 150 ст.3 и 5 од Законот за авторското право и сродните права.

Собранието на ЗАМП донесе Одлука **ДА СЕ ПОДНЕСАТ** кривични пријави поради злоупотреба на службената положба и овластување односно за несовесно работење во службата, на овластени лица во Министерството за култура и надлежните државни органи. Основ за поднесувањето на кривични пријави против овластени лица во Министерството за култура и надлежните државни органи, дека тие со намера да во интерес на трети лица постигнат имотна корист, им причиниле штета на авторите во РМ, и на колективното управување во целост.

Собранието на ЗАМП донесе Одлука за поднесување на кривични пријави до надлежното Јавно Обвинителство за сторено кривично дело - повреда на авторско право и сродни права од чл. 157 од Кривичниот Законик против сите Трговски радиодифузни друштва кои не ја почитувале Одлуката со број 493-1-0201 од 19.09.2016 година за забрана за емитување на авторски музички дела по пат на радиодифузно емитување од репертоарот на ЗАМП, како и Одлуките на организациите за заштита на авторски музички права од СОКОЈ Србија, Одлуката на САЗАС Словенија, Одлуката на ПАМ Црна Гора, Одлуката на ХДС ЗАМП Хрватска и Одлуката на АМУС Босна и Херцеговина и јавно емитувале авторски музички дела од репертоарите на колективните организации.

Со оглед на тоа што истекоа сите законски рокови да започне со работа новоформираното здружение СОКОМ МАП, и беа надминати сите опасности кои се заканувааа да го обезвреднат авторскиот труд,, Собранието на ЗАМП на 01.02.2017година донесе одлука, со која **СЕ СТАВИ ВОН СИЛА ЗАБРАНАТА ЗА ЈАВНО ЕМИТУВАЊЕ АВТОРСКА МУЗИКА** од авторите во Република Македонија, што со Одлука на Собранието на ЗАМП беше донесена на 17.09.2016 година.ЗАМП ги извести трговските радиодифузни друштва дека од 03 февруари можат да продолжат со јавно емитување на музички дела од репертоарот на ЗАМП.

Со свои одлуки од нивните органи на управување беа ставени **ВОН СИЛА И ЗАБРАНИТЕ ЗА ЈАВНО ЕМИТУВАЊЕ АВТОРСКА МУЗИКА** од репертоарот на колективните организации СОКОЈ-Србија, ХДС ЗАМП-Хрватска, САЗАС-Словенија, ПАМ-ЦрнаГора и АМУС-Босна и Херцеговина. Здружението за заштита на авторските музички права им се заблагодари на колективните организации од регионот за нивната безрезервна подршка во заштитата на нивните загарантирани уставни и законски права, а исто така и на RICOM Publishing лиценциран партнер на групацијата Univerzal Music Publishing, ICMP (Интернационалната конфедерација на музички паблишери) со седиште во Брисел, и особено CISAC.

## 2. Распределба на наплатата - финансов сектор

Вкупната наплата во календарската 2016 година изнесува **125.966.427,00 денари** што во однос на 2015 година претставува зголемување од **2.246.810,00 денари** или зголемување од **1.82%**.



Наплатата по категории на наплата во 2016 година во споредба со 2015 година изнесува :

| Ред. бр. | КАТЕГОРИИ НА НАПЛАТА | НАПЛАТА во 2015 год. | НАПЛАТА во 2016 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | КОНЦЕРТИ НА СЕРИОЗНА МУЗИКА | 329.024,00 | 238.200,00 |
| 2 | КОНЦЕРТИ НА ПОПУЛАРНА МУЗИКА | 4.203.732,00 | 4.208.100,00 |
| 3 | ЗАБАВНИ ПРИРЕДБИ | 11.394.518,00 | 8.639.653,00 |
| 4 | ЖИВА МУЗИКА | 427.442,00 | 483.900,00 |
| 5 | АПАРАТИ ЗА МЕХАНИЧКА МУЗИКА (ЦД плеери, касетофони, радио и ТВ апарати) | 16.131.995,00 | 16.657.529,00 |
| 6 | КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИО-ТЕЛЕВИЗИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | 12.637.438,00 | 11.123.824,00 |
| | **ВКУПНО (1-6):** | **45.124.149,00** | **41.351.206,00** |
| 7 | МРТВ | 6.314.990,00 | 7.037.030,00 |
| | **ВКУПНО (1-7):** | **51.439.139,00** | **48.388.236,00** |
| 8 | МЕХАНИЧКА РЕПРОДУКЦИЈА | 4.000,00 | 0,00 |
| | **ВКУПНО (1-8):** | **51.443.139,00** | **48.388.236,00** |
| 9 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-(согласно договори и Правилник со Тарифа) | 72.276.478,00 | 77.578.191,00 |
| | **СЕ ВКУПНО (1-10):** | **123.719.617,00** | **125.966.427,00** |

Парични средства од кабелското реемитување прикажани збирно во горната табела во износ од 77.578.191,00 ден. наплатени се по основ на Генерален лиценцен договор и Лиценцен договор и по основ на Правилник со Тарифа од оние кабелски оператори кои ги немаат потпиешано договорите.

Од наплатата на паричните средства од кабелските оператори со кои се потпиешани договори (Генерален лиценцен и Лиценцен договор) на ЗАМП му припаѓаат договорно утврдени проценти за музички права и тоа 22% од Генералниот лиценцен договор и 38,60% од Лиценцниот договор, додека преостанатите средства им припаѓаат на странските иматели на права (членките на EBU групацијата, AGICOA, VG MEDIA и RTL) и претставени се поединечно:

| Ред. бр. | КАТЕГОРИИ НА НАПЛАТА | НАПЛАТА во 2015 год. | НАПЛАТА во 2016 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-ПО ДОГОВОРИ | 32.819.425,00 | 22.322.498,00 |
| 1а | Провизија за ЗАМП согласно сервисен договор-10% | 3.281.943,00 | 2.232.250,00 |
| 1б | Кабелски оператори-по договор (музички права)-22% | 11.456.275,00 | 6.817.418,00 |
| 1в | Кабелски оператори-по договор (други права на странски иматели на права)-78% | 18.081.207,00 | 13.272.830,00 |
| 2 | КАБЕЛСКИ ОПЕРАТОРИ-ПО ПРАВИЛНИК (музички права) | 39.457.053,00 | 55.255.693,00 |
| | **ВКУПНО:** | **72.276.478,00** | **77.578.191,00** |




Наплатата по категории од 1-6 изнесува **41.351.206,00 денари** што во однос на 2015 година претставува намалување од **3.772.943,00 денари** или изразено во процентуален износ намалување од **8.36%.**




Во 2016 година наплатени се **7.037.030,00 денари** од Јавното претпријатие Македноската радио и телевизија-МРТВ.



Согласно на погоре искажаното вкупната наплата во категориите од 1-7 изнесува **48.388.236,00 денари** што во однос на минатогодишната наплата во класите од 1-7 преставува намалување од **3.050.903,00 денари** или изразено во процентуален износ намалување од **5.93 %.**

Кај кабелските оператори во 2016 година наплатени се вкупно и по основ на Генерален Лиценцен Договор, Лиценцен Договор и по основ на Правилникот со Тарифа за користење на авторски музички дела **77.578.191,00 денари** што во однос на 2015 година на наплата од **72.276.478,00 денари** преставува зголемување од **5.301.713,00 денари** или претставено во процентуален износ зголемување од **7.34%**.




Од наплата од реден број 1-6 во износ од **41.351.206,00 денари** е пресметан делот што по тој основ им припаѓа на авторите од **85%**, во вкупен износ од **35.148.523,00 денари**. Овој износ се зголемува со делот што по овој основ им припаѓа на авторите од МРТВ во износ од **5.981.478,00 денари.** Овој фонд се зголемува и со приходите од кабелски оператори со издвоени **22%** CISAC-ови права согласно потпишаниот сервисен договор меѓу ЗАМП и иматели на права како и наплата согласно Правилникот со Тарифа за користење авторски музички дела, во износ од **52.762.143,00 денари**, паричните средства вратени во 2016 година по завршување на судските постапки во износ од **2.410.906,00 денари** и приходи од камати на орочени денарски средства и девизни камати за 2016 година во износ од **1.999.225,00 денари,** како и приходи од кабелско реемитување на македонски ТВ канали во странство во износ од **4.433,00 денари,** со што вкупната маса на парични средства за распределба за репартиционата 2016 година изнесува **98.306.708,00 денари.**

Масата за распределба за репартиционата 2016 година по одбиените трошоци согласно одлуките на органите на управување по сите основи (инвестициони вложувања, трошоците за водење на судски постапки-судски такси за започнати судски предмети, трошоци за ЦР, извршители, нотари, вештачења и др.) изнесува **93.541.710,00 денари** што во однос на 2015 година на износ од **88.298.512,00 денари** преставува зголемување од **5.243.198,00 денари** или изразено во проценти зголемување од **5.94%**




Во 2016 година од страна на сродните авторски друштва (GOOGLE, PRS, SUISA, BUMA, STIM, SUISA, EAU, TEOSTO, SOCAN, SOKOJ, APRA, KODA, ACUM, TONO, LATGA, PRS, BMI, GEMA, HDS-ZAMP, JASRAC, SAZAS, ARTISJUS, SOZA, SGAE и MUSICAUTOR) од станство на име авторски хонорари за македонските авторски за користење на авторски музички дела во странство пристигнат е износ од 1.784.605,00 денари, а ЗАМП на име авторски хонорари за странски автори кон сродните авторски друштва (PRS, ARTISJUS, BUMA, TEOSTO, SIAE, SACEM, SOKOJ, SOCAN, APRA, MUSICAUTOR, SABAM, KODA, BMI, SPA, MESAM, RAO, SAZAS, UCMR-ADA, JASRAC, HDS-ZAMP, STIM, IMRO, SACM, AKM, SADAIC, AEPI и OSA) за две репартициони години исплатил 16.975.428,00 денари.

Согласно склучените билатерални договори со странските авторски друштва, ЗАМП има добиено парични средства во износ од **1.784.605,00 денари** од : GOOGLE-Ирска, PRS-Англија, SUISA-Швајцарија, BUMA-Холандија, STIM-Шведска, EAU-Естоноја, TEOSTO-Финска, SOCAN-Канада, SOKOJ-Србија, APRA-Австралија, KODA-Данска, ACUM-Израел, TONO-Норвешка, LATGA-Литванија, BMI-Америка, GEMA-Германија, HDS-ZAMP

Хрватска, JASRAC-Јапонија, SAZAS-Словенија, ARTISJUS-Унгарија, SOZA-Словачка, SGAE-Шпанија и MUSICAUTOR-Бугарија а исплатен е кон сродните авторски друштва износ од **16.975.428,00 денари.**




Салдото на паричните средства од издвоените **10% на 31.12.2015 година** изнесуваше **2.035.350,00 денари.** Овој износ е зголемен согласно одлуката на Собранието, за издвојување на средства по овој основ од фондот за репартиција за домашните автори за 2015 година од 2% во износ од **1.765.902,00 денари.** Овие средства беа намалени за трошоците направени во текот на 2016 година согласно планот за 2016 година и донесените одлуки од страна на Собрание во вкупен износ од **942.489,00 денари.** Останатите парични средства по овој основ на 31.12.2016 гидина во износ од **2.858.763,00 денари** согласно Решението на Министерството за култура на РМ бр. УП1 52-108 од 06.06.2016 година се вратени како средства за распределба.

Согласно сервисните договори **ГЛА и Лиценцниот договор** за кабелско реемитување во 2016 година исплатени се обврските за претходни години према имателите на правата **AGICOA и членките на EBU** во износ од **7.866.509,00 денари**.

Обврските по истиот основ настанати во 2016 година, а кои ќе бидат предмет на исплата во 2017 година изнесуваат **13.509.305,00 денари**.

**3.Сектор за перцепција**

ЗАМП, согласно ЗАПСП надоместоците за користење на делата првенствено ги утврдува со договори со соодветни здруженија на корисници, односно нивните комори кои преставуваат мнозинство на корисници од определена дејност или збир на дејности.

Доколку авторскиот надоместок не може да се определи со договор со корисниците, тој се пресметува согласно правилник со Тарифа за користење на авторски музички дела.Правилникот со Тарифа ги определува условите под кои корисниците (правни или физички лица) може да соопштуваат, односно објавуваат музички дела што ги штити ЗАМП на територијата на РМ. Секторот за перцепција преставува движечката сила за функционирањето на ЗАМП во прибирањето на паричните надоместоци и програмите за изведените дела од страна на корисниците.

Службата за Перцепција издава Дозволи на корисници (концертна, танцова, интерпретаторска ) со корисници кои имаат склучено договор за вршење дејност од областа на културата во врска со колективното управување на авторското музичко право.

Против голем број корисници согласно обезбедените докази поднесени се 402 Предлози за донесување решение со кое се дозволува извршувањеврз основа на веродостојна исправа до овластени Нотари во РМ, а согласно на подрачјето и надлежностите на Апелационите судови во РМ, и тоа :

-На подрачјето на **Апелациониот суд во Битола** има 182 предмети тука спаѓаат предмети од ОС Битола, Охрид, Струга, Ресен, Прилеп, Македонски Брод, Крушево,

-На подрачјето на **Апелациониот суд во Штип** има 2 предмети (тука спаѓаат предмети од ОС Штип, Кочани, Виница,, Берово, Делечево и Македонска Каменица),

-На подрачјето на **Апелациониот суд во Скопје** има 199 предмети тука спаѓаат ОС Скопје 2-Скопје, Куманово, Тетово и Велес,

-На подрачјето на **Апелациониот суд во Гостивар** има 19 предмети тука спаѓаат предмети од ОС Кичево, Гостивар и Дебар.

Во тековното работење ЗАМП се соочува со неисполнување на обврските од страна на определен број на корисници, кои покрај нашите опомени за неисплатени обврски кои им се доставуваат и по неколку пати, покажуваат крајна непослушност, па согласно на тоа сме принудени авторскиот надоместок да го побаруваме во судски постапки.

Во 2016 година се поднесени предлози за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа до овластени нотари за корисници кои ги немаат измирено обврските и тоа: организатори на концертна дејност, кабелски оператори, трговски радиодифузни друштва (радија и телевизии), угостителски објекти (Хотели, ресторани, пицерии, слаткарници и кафе-барови). На име судски такси, Централен регистер на РМ, адвокати, нотари, вештачења и извршители потрошени се 4.108.026,00 денари од кои еден дел се вратени во 2016 година по завршување на постапките во износ од 2.410.906,00 денари.

Согласно Одлука на Собранието на ЗАМП на 23.09.2016 година поднесени се две кривични пријави до Основното Јавно обвиниетлство Скопје против осомничени за сторено кривично дело Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 од КЗ и кривично дело Несовесно работење во службата по член 35-а од КЗ.Во тек се постапките на испитување на страните во постапката.

Поднесен е одговор по однос на иницијатива од Министерството за култура на РМ до Уставниот суд на РМ за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката 493-1-0201 од 19.09.2016 година на Собранието на ЗАМП од седницата на 17.09.2016година.Сеуште нема одлука од Уставниот суд на РМ.

Поднесени се 6 тужби пред Управниот суд на РМ од страна на ЗАМП , како 2 одговори на тужби поднесеби кон ЗАМП пред Управниот суд на РМ

**4.Сектор за репартиција**

Во 2016 година во секторот за Репартиција беа извршени активности кои можат да се групираат на тековни работи и на активности кои беа превземени со цел да се продолжи со трендот на унапредување на работата во секторот .

Во првата половина од 2016 година интензивно се работеше на внесот на изведените програми доставени од корисниците, се ажурираше базата на податоци и се направија неопходните измени во скриптовите.

На 30.03.2016 год. беше извршена исплатата на годишните авторски хонорари за домашните автори за репартиционата 2015 година во која беа опфатени 2462 автори.Во периодот по првиот квартал и вториот квартал на 2016 година се работеше на внесот на странските дела изведувани на територијата на република Македонија во 2015 година за кои биле наплатени авторските надоместоци. Во септември 2016 година беше направена пресметка за странските дела изведувани на територијата на Република Македонија во 2015 година и за кои биле наплатени авторските надоместоци, по што беше реализирана и исплатата кон странските здруженија со што ЗАМП ја реализираше обврската која ја има кон странските здруженија со кои има склучено билатерални договори .

Во тековната година беше направена и пресметка за домашните автори чии дела биле изведени во странство и за чии изведби биле наплатени авторските надоместоци. Во декември 2016 година беа реализирани исплатите од следните авторски здруженија: ACUM -Израел, APRA-Австралија, ARTISJUS-Унгарија, BMI-САД, BUMA-Холандија, GEMA-Германија, HDS ZAMP-Хрватска, JASRAC-Јапонија, MUSICAUTOR-Бугарија, SAZAS-Словенија, SGAE-Шпанија, SOCAN-Канада, STIM-Шведска, SUISA-Швајцарија, TEOSTO-Финска и UCMR ADA -Романија.

Изработените софтверски решенија кои овозможуваат да се испраќаат и да се примаат извештаите од и за странските авторски здруженија во електронскиот формат Е4 и CRD беа во употреба и активно се користеа .

Во 2016 година се следеа новите трендови на полето на репартицијата и се работеше на процесите за што поголема автоматизација во процесот на работењето. Најголемиот дел од корисниците своите програми на изведени дела ги доставија до ЗАМП во електронска форма и за нив беше користена алатката за пакетен внес на податоци постоечката апликација за внес на податоци - Сазек, со што голем дел од процесот на внес беше автоматизиран и резултираше со значително намалување на времето за извршување на споменатите процеси и значителна заштеда во работењето.

Од 13-14 Април 2016 година во Лисабон (Португалија) се одржа годишниот Деловен Техничкиот Комитет (BTC). На комитетот присуствуваа околу 150 учесници - претставници на 66 друштва од целиот свет и двајца претставници од ЗАМП. На комитетот беа презентирани новините и глобалните приоритети на CISAC со особено нагласување на значајноста на реформите во Binding Резолуцијата и Деловните правила. На BTC беа разгледани предложените измени на деловните правила и Binding резолуцијата кои би биле применети од Јуни 2017 година, по одобрувањето од страна на Генералното Собрание. Беше направен и преглед на CIS-Net

решенијата, со примери од нивна успешна имплементација во здруженијата и со презентација на FastTrack на најновата верзија на CIS-Net која беше воведена во Јуни 2016 година, а содржи подобрувања на интерфејсот и дополнителни подобрувања и функционалности.

Согласно измените и дополнувањата во законот за авторските и сродни права ЗАМП ја исполни законската обврска за обезбедување и инсталирање на софтвер со кој ќе се врши мониторинг и евидентирање на емитуваните музички содржини од сите радио-телевизиски организации на територијата на Република Македонија. Софтверот за евиденција на фирмата Вертекс Бродкас Солушн веќе беше поставен во функција во радиодифузни организации, а тековно се работеше на корекции за специфичните случаи, адаптација кон различни работни околини и генерално беше направена оптимизација на целиот систем. Во Македонската Телевизија беше инсталиран системот за електронска евиденција на петте програмски сервиси со вградување на 5 Мини ПЦ кои беа обезбедени од страна на ЗАМП.

За потребите на Системот за електронска евиденција беше набавен нов ИБМ сервер со капацитет и перформанси кои кореспондираат со хардверските барања на Софтверот за електронска евиденција , а беше набавен и Storage Synology DS1515 со цел зачувување и backup-ирање на аудиозаписите и извештаите од системот, а согласно законските обврски за чување на податоците од Системот за електронска евиденција. Дополнително беа набавени 4 преносни компјутери Lenovo наменети за внес на податоци.

Со цел за непречено и беспрекорно функционирање на процесот на работа во ЗАМП беа направени измени во уредувањето на мрежна инфраструктура, со изолирање на серверите во засебен функционален дел независно од останатите клиенти во мрежата.

За зголемување на безбедноста во компјутерската мрежа, беше поставен нов уред Firewall Cisco Meraki. Firewall-от овозможува контрола на пристап од интернет кон внатрешни ресурси, а и контрола на пристап меѓу различни сегменти во мрежата. Вклучена е заштита Advanced Malware Protection за HTTP сообракај и IPS заштита за сите делови во мрежата.

За зголемување на севкупната безбедност беше инсталиран и нов Антивирус Symantec Endpoint Protection.

Во Декември 2016 година беше направена реконструкција на официјалната веб страна на ЗАМП на WP платформа со збогатување и дополнување на содржините, зголемена функционалност и вклучен Respond Mode (читливост за мобилни уреди, таблет и сл.). Воедно, на веб страната на ЗАМП беше поставен засебен линк за регистрација и пристап на авторите кои на засебен портал ќе имаат преглед на емитувањето на нивните дела.

Воведувањето на Системот за електронска евиденција беше најголемата промена во Секторот за репартиција и истиот направи позитивни промени во целокупната работа на овој сектор. Во 2016 година се работеше на опптимизирањето на софверот, овозможување на неговото непречено функционирање, средувањето на севкупните податоци добиени од софверот и збогатување на базата на музички дела со цел за подобро препознавање. Неговото понатамошно усовршување, надградување и збогатување на базата на мп3 записи ќе бидат една од примарните задачи во Секторот за репартиција на ЗАМП за периодот кој следува.

## 5. Сектор за документација и меѓународна соработка

Почитувајќи ги принципите утврдени од Бернската Конвенцијата секое друштво воспоставиува национален системи за регистрација на авторските дела. Остварувањето на авторското право се врши преку обезбедување на носители на право со едноставен и ефективен начин јасно да се утврди авторството. Информациите содржани во националните регистри не се само потребни во правните и економските односи, но исто така може да претставува ризница на културно-историското наследство.

Со напредокот на дигиталната технологија, голем број точни податоци за сопственост станаа лесно достапни. Од таа причина ја истакнуваме важната улога што регистрацијата на автори дела може да ја одигра и надвор од традиционалните функции во остварувањето на правата, односно докажувањето на сопственоста.

Во текот на 2016 година Секторот за документција регистрираше 107 нови автори и ностители на авторски права, кои потпишале договопри, односно пристапиле кон ЗАМП. Истотака, во 2016 година регистрирани и евидентирани се 1786 дела.

Мора да напоменеме дека единствениот начин да се спроведе прецизна распределба на авторските надоместоци е валидната документација. Истата се разменува на меѓународно ниво, преку едитирање на нашите податоци во светската база на автори IPI листа и светската база на дела CIS-Net, кон кои ЗАМП пристапува директно (on-line).

Од активностите на Секторот за меѓународна соработка издвојуваме:

1. **Соработка со странските авторски друштва**

Веќе 20 години ЗАМП ЗАМП успешно работи на взаемното претставување на авторите со странските сестрински авторски друштва. Оваа година на листата од 53 билатерални договори за мали права, наместо Sine Qua Non -Босна и Херцеговина го заменивме согласно потпишаниот нов договор со AMUS- Босна и Херцеговина. Листата на договори за механички права сеуште брои 16 друштва.

2. **Присуство на Европскиот комитет**

Европскиот Комитет на CISAC оваа година се одржа во Софија на 06-07 Април. Домаќини на средбата беа двете колективни организации во Бугарија MUSICAUTOR и FILMAUTOR.

На Комитетот учество земаа 105 претстваници на 48 друштва, членки на CISAC, како и организации кои директно влијаат на работата на CISAC.

Присутните дискутираа на теми во областа на авторската заштита, како:

- **Ситуацијата на полето на авторските права во Бугарија;**

По извештајот од страна на двете колективни организации MUSICAUTOR и FILMAUTOR, Комитетот ја усвои Резолуцијата со која ја изразува својата длабока загриженост од тоа што надоместот од приватно копирање не се собира во Бугарија и ги повика надлежните органи итно да преземемат активности за обезбедување на соодветно спроведување на Законот за авторското право и сродните права, со цел да станат ефективни и соодветно усогласен со законодавството на ЕУ и најдобрите практики.

- **Стаутарни промени во CISAC;**

Г-дин Oron ги образложи шесте главни области на работа на CISAC. Во управувањето на CISAC постојат три главни активност: Преглед на критериумите за членство и категории, ревидирање и подобрување на процесот на ревизија, нов пристап во односот со јавноста, преглед на тековната алатки за управување, како и за следење и нивната имплементација (Proffesional Rules / Binding Rules прашалници, нови on-line алатка, Пригоди/Расходи). Г-дин Oron ја истакна работата во врска со дигиталното опкружување, напредокот со кампањата за признавање на правото на следство, приватното копирање, меѓународна соработка со WIPO, UNESCO, MOF и NORCODE. Во областа на образовни активности: беа презентирани универзитетски проекти MOOC и CISAC, зголемена соработка со различни академски институции, итн. Тој заврши со презентирање на последната CISAC публикација "Културни Времиња - Првата Глобална карта на културните и креативните индустрии», објавен во соработка со UNESCO .

- **Иницијативи во Европската комисија во врска со авторската заштита;**

Г-ѓа Despringre ја истакна планираната ревизија на Директивата на Европската Комисија за сателитско и кабелско реемитирање. ЕК е на мислење дека на земја од каде потекнува каналот не е решение за подобрување на прекуграничниот on-line промет. Сепак, Директивата ќе остане технолошки неутрална.

Г-дин Ozgen ги презентираше тековните статуси на спроведување на Директивата за колективните организации и поддршката на GESAC. Мандатот на имплементирање беше 16-ти април 2016 година Некои земји веќе ја усвоија директивата, како Словачка,Велика Британија и Данска. Главните прашања се однесуваат на право на глас и учество во Генералното Собрание по електронски пат, надзорната функција, обврската членовите на управувачките органи да известуваат за нивните приходи од авторски права, улогата на независни субјекти во управувањето, итн .

**- Дигиталните срервиси – Spotify**

Панел дискусија помеѓу Г-дин Жил Паркер, издавач и текстописец Претставник за Европа на Spotify, Г-дин Ненад Марчец, извршен директор на ХДС-ЗАМП (Хрватска) во врска со актуелниот бизнис модел на Spotify. Г-дин Паркер е оптимист во врска со вредноста и иднината на Spotify како еден од најпопуларните музички услуги, кои секогаш ги почитуваат креаторите и тесно соработуваат со целата музичка индустрија.

- **Односот на тарифите помеѓу авторските и сродните права;**

Г-ѓа Moscoso ја претстави првата нацрт-верзија на ажурирани студија за односи меѓу колективните организации за автори права и колективните организации за сродни права во Европа.

- **Активностите во Централна и Источна Европа;**

Г-дин Chatalbashev, како Регионален директор бил ангажиран во голем број на активности за лобирање и поддршка, особено во земји како Украина, Турција и Русија. И покрај малиот пад на годишна основа во 2014 година наплатата во Централна и Источна Европа достигнала 418,5 милиони евра, која сепак, претставува двојно зголемување од 2005 година (209.100.000 евра).

- **Национални извештаи (ЗАМП, РАО, ЛАТГА, СПА, МЕСАМ, МСГ)**
-

### 3. Регионални средби

**13 Регионална средба се одржа во Белград на 21 април 2016 година** во просториите на СОКОЈ, каде присуствуваа претставници од АМУС, ХДС ЗАМП, ПАМ, САЗАС, ЗАМП и СОКОЈ.

Главни теми беа соработката во областа на онлајн услуги, соработка во областа на распределбата, актуелните случувања во регионот во однос на законските измени.

**На 16 Мај 2016 година во Сараево** се одржа вонредна Регионална средба на која присуствуаа сите друшва од регионот. Оваа посета на Сараево беше договорена на состанокот во Белград, со цел АМУС да презетира до каде е со имплементацијата на CISAC-овите правила, со цел друштвата од регионот да потпишат билатерални договори со АМУС.

**Подгорица беше домаќин на 14-та Регионална средба**, која се одржа на 11 Октомври 2016 година. На средбата се работеше по следниот Дневен ред:

– Поздравен говор на Директорот на Заводот за интелектуална сопственост на ЦрнаГора г-дин Новак Аџиќ;
– Усвојување на Записникот од состанокот во Сараево;
– Актуелната ситуација во Македонија;
– Соработката на авторските здруженија во доменот на online сервисите;
– Актуелните случувања во регионот во смисла на законските измени, со посебен осврт на Директивите на ЕУ;
– Заклучок од средбата и договор за одржување на наредната средба.

На регионалната средба присуствуваа претставници на Заводот за интелектуална сопственост на Црна Гора – Новак Аџиќ и Емина Мујевиќ и претставници од организациите за колективно управување на авторски музички права во регионот : HDS ZAMP – Хрватска, AMUS – Босна и Херцеговина , PAM – Црна Гора, SOKOJ - Србија, SAZAS – Словенија и како претставник на ЗАМП Македонија -Директорот Зоран Васковски.

По одржаната регионална средба на шесте колективни организации за заштита на авторски музички права од територијата на бивша Југославија беше донесен заклучок во кој се апелира уште еднаш да се врати колективната заштита и колективното управување со авторските музички права на само една организација, а тоа е ЗАМП на Република Македонија. Таква препорака и ургенција е доставена и од светската организација за заштита на авторите и композиторите CISAC на која и припаѓаат и сите наведени организации од бившите Југословенски простори.

**ЗАМП**

**Директор**

**Зоран Васковски**